# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба

Службен гласник бр.9
23.09.2022 година
Општина Росоман

Изготвува општинската администрација на Општина Росоман

Тел.(043)441-331          факс.(043)441-443

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

**З А К Л У Ч О К**

Се објавува Одлуката за усвојување на Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Кавадарци, донесена на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/1.1**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Закон за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 36-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

**за усвојување на предлог за воспоставување на меѓуопштина соработка**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Кавадарци во делот на уредување на градежно земјиште, поточно меѓуопштинска соработка во делот на комплетна услуга од областа на управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија согласно закон за градење.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр. 08-489/1.1**
**26.09.2022 година**
**Р о с о м а н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

## З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за недавање на согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ “Праскичка“ Росоман за 2023 година, донесено на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/2**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 9 точка 43 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 14-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за недавање на согласност на годишниот план за вработување на ЈОУДГ "Праскичка" Росоман за 2023 година**

1. Со ова Решение не се дава согласност на годишниот план за вработување на ЈОУДГ "Праскичка" Росоман за 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-489/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

**26.09.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Р О С О М А Н** **Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање на согласност на Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Праскичка" Росоман за 2021/22 година, донесено на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/3**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 9 точка 43 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман" бр.7/06), Советот на општина Росоман на 14-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање на согласност на годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Праскичка" Росоман за 2021/2022 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на годишниот извештај за работа на ЈОУДГ "Праскичка" Росоман за 2021/2022 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-489/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**

**26.09.2022 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Р О С О М А Н** **Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година, донесена на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/5.1**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ“ бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02 и член 9 став 1 точка 7 од Статутот на општина Росоман (Службен гласник на општина Росоман бр.7/06)), Советот на општина Росоман на 14-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

**за дополна на Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година**

## Член 1

Програмата за изработување на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година се дополнува во делот Планирање во точка 2 и по алинеја 46 се додава нова алинеја која гласи:

- Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план , за Е1.13 (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште) , на КП.бр.268/2, КП.бр 268/5, КП.бр.268/6 и КП.бр 268/7 КО Трстеник општина Росоман.

## Член 2

Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08 – 489/5,1**
**26.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот за одбивање на Иницијативата бр.12-353/1 од ден 14.06.2022 година поднесена од Друштво за земјоделство, производство,трговија и услуги ЦЕНТАР ХАУС ИНВЕСТ ДОО Росоман, донесен на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/5,2**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Закон за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 14-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Во однос на точката 5 од утврдениот дневен ред - “Предлог за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година, врз основа на поднесени иницијативи од физички и правни лица“, која се однесува на Иницијативата бр.12-353/1 од ден 14.06.2022 година поднесена од **Друштво за земјоделство, производство, трговија и услуги ЦЕНТАР ХАУС ИНВЕСТ ДОО Росоман,** Советот одлучи истата да биде одбиена поради немање мнозинство.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесуваање, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Br. 08- 489/5,2**
**26.09.2022 godina**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот за одбивање на Иницијативата бр.12-409/1 од ден 19.07.2022 година поднесена од Друштво за трговија, транспорт и услуги ХОРСЕ ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци, донесен на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/5,3**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 од Закон за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06), Советот на општина Росоман на 14-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Во однос на точката 5 од утврдениот дневен ред - “Предлог за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и локална урбанистичка планска документација во општина Росоман за 2022 година, врз основа на поднесени иницијативи од физички и правни лица“, која се однесува на Иницијативата бр.12-409/1 од ден 19.07.2022 година поднесена од **Друштво за трговија, транспорт и услуги ХОРСЕ ТРАНСПОРТ ДООЕЛ Кавадарци,** Советот одлучи истата да биде одбиена поради немање мнозинство.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесуваање, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Br. 08- 489/5,3**
**26.09.2022 godina**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 22 и 72 од Статутот на општина Росоман ("Службен гласник на општина Росоман"бр.7/06), градоначалникот на општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за одобрување на финансиска помош на Донка Ѓелова, донесена на 14-тата седница на Советот на општина Росоман одржана на ден 23.09.2022 година.

Изработила: А/П

**Бр.09-489/6**
**29.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Стојан Николов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 9 став 1 точка 32 од Статутот на општина Росоман (“Службен гласник на општина Росоман“ бр.7/06) , Советот на општина Росоман на 14-тата седница одржана на ден 23.09.2022 година, донесе

# О Д Л У К А
## за одобрување на финансиска помош на Донка Ѓелова

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува Барањето бр.08-460/1 од 23.08.2022 година поднесено од страна на Донка Ѓелова од Камен-дол, невработено лице и самохрана мајка, за одобрување на финансиска помош во износ од 10.000,оо денари

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Росоман.

**Бр.08-489/6**
**26.09.2022 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ристо Јошев с.р**